**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-2282/6
Скопје, 21 март 2020 година

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

С К О П Ј Е

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Дваесет и петтата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 21 март 2020 година**

**„ТОЧКА 1:** **Записник од Шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 март 2020 година**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 март 2020 година.

Истовремено, Владата заклучи наредените мерки на Владата на Република Северна Македонија во одлуките за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 донесени од Владата, примената на мерките да се измени и истите да важат до завршување на периодот на постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19. “

**Прилог:**
- **Записник од ГККШ**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- **сите државни институции**
- **Заедницата на единиците на локалната самоуправа**
- **Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија**
- **Стопанските комори во Република Северна Македонија**

Подготвил: Ирма Мандева
Проверил: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 21 март 2020 година

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: Е pranuar: | | 21-03-2020 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër | Shtojca: | Вредност: Vlerë |
| 41 | -2282/6 | | |


Архивски број: 08-780/6

**З А П И С Н И К**

**од Шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 март 2020 година**

На 21 март 2020 година (сабота), со почеток во 9.30 часот, во просториите на зградата на Владата на Република Северна Македонија, се одржа Шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На состанокот присуствуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ НКС EN ISO 9001:2009 SGS

На состанокот присуствуваше и Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална бебзедност, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи и Златко Ветеровски претставник од Царинската управа на Република Северна Македонија.

Од состанокот на Главниот координативен кризен штаб, отсуствуваше Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

*

*　　　*

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 се утврди следниот Дневниот ред:

<u>Точка 1:</u> Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19;

<u>Точка 2:</u> Прашања и предлози;

*

*　　　*

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, сите членови на ова тело, секој од своја надлежност ги информираа членовите за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

<u>По однос на точката 1 од Дневниот ред,</u> министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица за дополнително преземени мерки и активности согласно задолженијата од состаноците на ова тело, како и за тоа дека во текот на денешниот ден ќе се спроведе преговарање за јавната набавка за медицинска опрема за потребите со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, за Министерството за здравство. По преговарањето, ќе се донесе одлука за реализирање на јавната набавка.

Притоа, укажа на потребата Владата да донесе уредба со законска сила во која правно ќе се нормира дека ракавици, респиратори, маски и дезифициенси ќе се набавуваат по пат на спогодба за време на овој период.

Министерот за образование и наука, д-р Арбр Адеми, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица, за задолженијата од состаноците на Главниот координативен кризен штаб, во врска со сите преземени активности за подготовка на ТВ училница, планот и начинот на спроведување на онлајн настава за учениците во основните и средните училишта во Република Северна Македонија, во периодот од 8.00 часот до 16.00 часот на каналите на Македонската радио-телевизија.

Директорот на Центарот за управување со кризи, м-р Агрон Буџаку ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за потреби и проблеми за решавање во подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа.

Согласно информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. Во врска со заклучокот под реден број 1 од Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб, одржан на 20 март 2020 година со кој Министерството за животна средина и просторно планирање, во координација со Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, потребно е да изработи план за управување со отпадот во подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа и со истиот да бидат опфатени центрите за изолација, со цел спречување на ширењето и сузбивањето на Коронавирус COVID – 19, веднаш да ја реализираат оваа задача.

2. Министерството за внатрешни работи и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, по добиени сознанија за сите лица кои од Република Северна Македонија во последните 14 дена го посетиле зимскиот рекреативен центар – Банско во Република Бугарија, веднаш да бидат контактирани и да потпишат лични изјави за самоизолација и кон истите да се преземат соодветни мерки.

3. Се задолжува Министерството за здравство да подготви уредба со законска сила во која правно ќе нормира дека ракавици, респиратори, маски, дезинфициенси и друга најнеопходна медицинска опрема ќе се набавува по пат на спогодба, за време на овој период.

4. Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство сите предлози до Владата да ги доставува во пишана форма, со конкретни мерки и препораки што Владата треба да ги преземе во овој период.

5. Министерството за образование и наука веднаш да одржи координативен состанок со сите јавни високообразовни установи, или да достави барање до истите, со цел да достават детални и конкретни предлози од нивна страна за начинот и методите за спроведување на онлајн настава, испитни сесии, материјали, со цел да се воспостави функционален образовен сиситем, за потоа Министерството за образование и наука до Владата да достави уредба


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2009

со законска сила, во која правно ќе ги нормира условите, начинот, спроведувањето и одржувањето на наставата, испитните сесии и сите други аспекти во воспитно-образовниот процес.

6. Министерството за образование и наука, да го задолжи Бирото за развој на образованието да ја разгледа можноста за фузирање на наставните програми за основното и средното образование од 2019/2020 година со наставните програми од 2020/2021 година, односно воспоставување на нова наставна програма за наредната учебна година во која ќе бидат опфатени најбитните сегменти за учениците во основното и средното образование од двете учебни години

7. Согласно заклучоците под реден број 5 и број 6 и врз основа на добиените предлози од јавните високо образовни установи и од основното и средното образование, Министерството за образование и наука и стручните тимови во Министерството и во Бирото за развој на образованието до Владата да достават предлог за најсоодветен начин на регулирање на воспитно – образовниот процес.

8. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги информира сите институции кои имаат доставени барања до Владата или до Главниот координативен кризен штаб за потреби од итни набавки поврзани со постоењето на вонредната состојба, дека согласно Заклучокот на Владата од Дваесеттата седница, одржана на 16 март 2020 година, под реден број 13, сите неопходни и итни потреби и набавки на сите државни институции во Република Северна Македонија да ги извршат со финансиски средства од сопствениот буџет за 2020 година.

9. Главниот штаб на Центарот за управување со кризи да продолжи со сите активности на подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа на кои постои кризна состојба, особено со издавањето на „одобрение – пропусница“ за движење и работа во овие подрачја.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3123 371 www.vlada.mk

10. За лицата кои се времено сместени во хотел Цапа – Бањиште, истите остануваат во овој објект до изминување на периодот за самоизолација од 14 дена. Потоа ќе се направат тестови и по препорака на епидемиолог согласно алгоритмот ќе се одлучува доколку резултатите се негативни да го напуштат објектот, а согласно уредба со законска сила која ќе ја донесе Владата ќе се регулира надоместокот за престојот на овие лица во објектот.

11. Согласно информирањето на м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи во врска со остварените контакти со амбасадата на Црна Гора за преземање и организирање на превоз на 70 граѓани на Република Северна Македонија од аеродромот во Подгорица, за овие лица да важи Заклучокот од Дваесет и четвртата седница на Владата, одржана на 20 март 2020 година и оваа активност да биде реализирана во координација со д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и формираната координативна работна група со која раководи.

12. Министерството за внатрешни работи да ги интензивира контролите и да ги спроведе мерките на Владата и на подрачјето на Општина Кавадарци.

13. Министерството за економија, во соработка со Царинската управа на Република Северна Македонија итно да го реализира Заклучокот под реден број 15 од Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб, одржан на 20 март 2020 година и да подготви и до Владата да достави уредба со законска сила во која правно ќе го нормира прашањето за сите медицински помагала и потрошниот медицински материјал кој се увезува во Република Северна Македонија за потребите за справување со моменталната ситуација, да се ослободи 100% од царинските давачки.

    За оваа цел, Министерството за здравство итно да достави листа со медицински помагала и потрошниот медицицински материјал до Министерството за економија и Царинската управа на Република Северна Македонија.

14. **Министерството за одбрана да го информира КФОР дека барањето за скратување на процедурата за одобрување на логистички превоз од седум на два дена, е одобрено.**

    **Министерството за одбрана да ја спроведе постапката во два дена и да обезбеди контрола на конвојот со Министерството за внатрешни работи.**

    **Во поглед на Меѓународниот Аеродром Скопје, Министерството за одбрана да го информира КФОР дека аеродромот не е затворен за воени авиони според соодветна постапка.**

    **Во поглед на барањето за одобрување на медицински транспорт за еден час, се предлага Владата да заклучи дека истото не може да го одобри и препорачува на КФОР МЕДЕВАК превозот да се организира по воздушен пат.**

15. **По повод укажувањето на Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Заклучокот под реден број 5 од точка 1, од Дваесет и четвртата седница на Владата, одржана на 20 март 2020 година, да престане да важи.**

16. **Известувањето и Барањето доставено од Град Скопје, под бр.08-2862/1 од 20.03.2020 година за носење на уредба со законска сила за надлежностите на градоначалниците, да се разгледа на наредната седница на Владата на Република Северна Македонија.**

17. **Барањето доставено од Општина Центар, под бр. 09-1744/1 од 20.03.2020 година, за донесување на уредба со законска сила со која поблиску ќе се уредат јавните набавки кои се директно поврзани со Коронавирус COVID-19, да се разгледа на наредната седница на Владата на Република Северна Македонија.**

**18. Не го прифати Барањето доставено од Општина Арачиново, под бр. 08-99 од 19.03.2020 година и општината да постапи согласно донесените мерки и заклучоци на Владата.**

**19. Не го прифати Барањето доставено од Стоматолошка комора на Македонија, под бр. 03-382/1 од 19.03.2020 година и истото да го проследи на понатамошна надлежност и постапување до Министерството за здравство.**

**20. Не го прифати Барањето доставено од Стоматолошка комора на Македонија, под бр. 03-382/2 од 19.03.2020 година и согласно Заклучокот на Владата од Дваесеттата седница, одржана на 16 март 2020 година, под реден број 13, сите неопходни и итни потреби и набавки да ги изврши со финансиски средства од сопствениот буџет за 2020 година.**

**21. Барањето доставено од АД Пошта на Северна Македонија, под бр. 0827-19/27 од 20.03.2020 година да биде доставено на понатамоно постапување до м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и за реализирање на истото да воспостави контакт со Ејуп Рустеми, директор на АД Пошта на Северна Македонија.**

*

*　　　　*

По однос на точката 2 од Дневниот ред, немаше прашања, ниту предлози.

*

*　　　　*

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*

*  *

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На седницата е воден записник.

**ПРЕТЕСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Оливер Спасовски



Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3123 371
www.vlada.mk

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS